26070

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ

14. FEB. 1980 5168, 14,

# ДИСКРЕТНО СЛИКАРСТВО

## • (САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА РУБЕНС КОРУБИН ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ НА СКОПЈЕ)

**ПО НЕОДАМНЕШНАТА ПРВА** самостојна изложба, која беше составена исклучиво од цртежи, еве, сега имаме можност да ја видиме и втората самостојна изложба на **Рубенс Корубин**, овојпат со презентирање на неговите сликарски дела, со кои зазема едно од повидните места во младото македонско ликовно творештво, кое даде, покрај него, и една цела редица извонредни сликари, како што се **Илија Пенушлиски, Владо Георгивски, Данчо Ордев, Никола Фидановски, Жарко Јакимовски Ѓорѓи Даневски** и други.

**УШТЕ СО СВОИТЕ ПРВИ** слики Рубенс Корубин го привлече вниманието на нашата ликовна публика и на критиката, **особено со сигурноста и самоувереноста во квалитетната носивост на своите ликовни идеи и содржини, со една ненаметлива дискретност на изразувањето, како и со една блага, фина и пријатна носталгија за минатото, сфатено во двојна смисла:** и како субјективно минато, како лична судбина, и како сликарско, уметничко и професионално минато, преку кое се изразува **почит спрема големите мајстори на минатите епохи, но исто така се акцентира и нивното „одминато“ време, за сметка на новите ликовни императиви и вредности, кои се карактеристични за современиот миг, за фрапантнава културна комуникација меѓу наразличните средини и земји.**

**СКОКОТ НА РУБЕНС КОРУБИН** од денешницава, од современава почва кон минатите стилови и вредности, е мошне претпазлив и логичен, но исто така и искрен и непогрешен. **Можеме да кажеме дека токму овие негови силни и длабоко емотивни особини, во нашава ликовна атмосфера внесоа една нова димензија, се разбира, со уште неколку сликари, имено, пре испитување на некои вредности и критериуми во поглед на класичната уметност, чиј достоинства можат да се користат и во модерниот начин на изразување, како неодбегливи алки на традицијата.**

**ПОРАДИ ТОА СЛИКИТЕ** на Рубенс Корубин, како впрочем, и неговите цртежи, не ѝ подлегнуваат на некаква излитена сентименталност или теорија, не значат некаков профан и солзив ламент за изминатите уметнички остварувања, туку мошне чувствително, на поетски начин евоцираат состојби, настани, сеќавања и форми од минатите времиња и школи (во прв ред од ренесансата и барокот), откривајќи ги древните дипли и патини, небаре сакаат да нѐ потсетат на трајната суштина и на трајните убости на уметноста. **Сето тоа Рубенс Корубин го постигнува без некаков еклектички занес, што инаку би му прилегал на некој помалку надарен сликар, туку со една шармантна егзалтација спрема тие вечни постигања на сликарското мајсторство.**

**НЕГОВОТО СЛИКАРСТВО СЕ СЛУЖИ** со многу можности, со ликовни бравури, па дури и со ефекти, но само кога е тоа сликарски нужно, кога е во полза на компактноста, на целосниот визуелен впечаток.

**Паскал Гилевски**